


# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ
20 -27 ное 2025 Билтен бр. 612

# МАСОВНА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ ВО НАСЕЛБАТА БАРДОВЦИ

**(20.11.2025)**

**Екипите од општина Карпош задолжени за одржување на јавната хигиена, во текот на вчерашниот ден реализираа тековни активности за расчистување на околината на повеќе локации низ Карпош. Имено, фокусот беше насочен кон населбата Бардовци, каде општинските екипи го собираа комуналниот отпад, органскиот смет (гранки лисја и сл.) а на неколку места интервенираа на подигнување на паднати дрвја. Во текот на целиот ден, службите од Карпош го чистеа теренот отстранувајќи ги паднатите дрвја во населбите Бардовци, Жданец и УЗ „Владо Тасевски“ (кај Млечен). Со истата динамика екипите од Карпош ќе продолжат да го чистат теренот, со цел подигнување на нивото на хигиена и одржување на здравата животна средина.**



# ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕТЕТО

**(20.11.2025)**
**По повод Светскиот ден на детето 20-ти ноември, во градинката ,,Орце Николов" во Карпош 3, градоначалникот Сотир Лукровски ги посети најмалите жители на локалната самоуправа. При обиколка на објектот, првиот човек на Општината се запозна со условите во градинката, а дечињата го поздравија со искрени пораки. Нивните светнати очиња и насмеани лица ја разубавија оваа средба, а најмалите карпошани со стихотворби и песнички умешно се претставија пред таткото на Општината. Инаку, овој датум кој се одбележува на глобално ниво претставува ден за акција од децата за децата, и истиот се празнува откако беше усвоена Конвенцијата за правата на детето.**

**Градоначалникот Сотир Лукровски и претседателот на Советот, Христо Саракинов, ги примија основците од ,,Петар Поп Арсов" во своите работни кабинети. Во рамки на средбата учениците од шесто до деветто одделение поставуваа прашања во врска со локалната самоуправа. Во оваа пригода, првиот човек на Општината им објасни на учениците како функционира една локална самоуправа и кои се неговите надлежности и приоритети. Низ разговор, младите карпошани го информираа Лукровски за нивните визии, желби и очекувања, Карпош да стане средина со повеќе зелени површини и чиста животна околина. Учениците и наставниот кадар упатија голема благодарност до градоначалникот Лукровски, кој на негова иницијатива со помош на Советот, неодамна пренамени дел од општинските средства, за покривање на трошоците за комуналии на ова основно училиште.**



# КАРПОШ ЈА УНАПРЕДУВА ИНКЛУЗИВНОСТА НА МАЛИТЕ РОМИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**Во рамки на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишното образование“, на 24.11.2025 во Клубот на пратеници, се одржа средба во чии рамки беа потпишани трипартитни договори за соработка помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади, вклучувајќи ја Општина Карпош и детските градинки на нејзина територија. Овој проект веќе петнаесетина години се реализира во Општина Карпош, и тоа во предучилишните установи „Пролет“ и „Сончогледи“ во населбата Влае 1.**

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски го потпиша трипартитниот Договор за соработка, кој Министерството за труд и социјална политика го имплементира во соработка со Ромскиот Образовен Фонд, единиците на локална самоуправа и детските градинки почнувајќи од 2006 па до денес.Целта на проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишни установи на деца Роми на возраст од 3 до 6 години, инклузија на децата и нивна социјализација како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца.**

**Оваа година, во градинката „Сончогледи” во Влае 1 се згрижени вкупно 10 деца од ромска националност кои се жители на населбата Злокуќани.**

**Во Програмата на активностите на општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година, за оваа намена се предвидени финансиски средства во износ од 200.000 денари.**



# ПРОМОВИРАН РЕСУРСНИОТ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНИТЕ

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, присуствуваше на промотивниот настан по повод претставување на „Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините“. Овој центар ќе функционира во рамки на Министерството за локална самоуправа, а ќе нуди стручна и техничка поддршка за унапредување на капацитетите на локалните самоуправи и подобрување на квалитетот на услугите на општините. Тоа подразбира обезбедување на специјализирани услуги во областа на административниот менаџмент, планирање на локалниот стратешки развој, подготовка на техничка документација и капитално планирање, финансиско планирање и управување, техничка експертиза, јакнење на меѓуопштинската соработка, подготовка на проектни апликации и искористување на средства од меѓународни фондови.**

**Отворањето на овој Реурсен центар е резултат на заедничката активност на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската Влада преку продолжување и институционализација на осумгодишниот проект „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“. Во рамки на денешниот настан беше презентирана мисијата, целите и планираните активности на Центарот, како и улогата на партнерските институции во неговото функционирање.**

**Општина Карпош активно ќе се вклучи во сите активности на Ресурсниот центар за поддршка на развојот на општините и ќе работи посветено на обезбедување на квалитетни услуги за своите граѓани.**



# СВЕЧЕНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во рамки на планираните активности, Советот на Општина Карпош одржа Свечена седница, заседавајќи по третпат откако е конституиран новиот состав на ова тело. Во таа насока, советниците од Карпош разгледуваа две точки кои се најдоа на денешниот дневен ред.**

**На самиот почеток пред присутните се обрати градоначалникот Сотир Лукровски, кој во оваа пригода ја образложи потребата од одржување на Свечената седница.**

**„Почитувани советници. Како што сте веќе информирани, оваа среда Општината го одбележува 49-тиот роденден со Свечена манифестација, во чии рамки врачува Плакета на заслужен граѓанин за 2025 година. Затоа ве повикувам, ова признание да го доделиме достоинствено и обединето, како благодарност и како порака дека општина Карпош знае да ги вреднува своите сограѓани. На тој начил би сакал да покажеме дека зад оваа одлука стои Советот како институција, да испратиме јасна порака, дека секој што работи за доброто на нашата локална заедница, без разлика на неговите политички, верски, етнички или било какви други убедувања, ќе биде препознаен и секогаш поддржан од наша страна“ – истакна Лукровски.**

**Првиот човек на Општината потенцираше дека на овој начин локалната самоуправа покажува вистинска посветеност, градејќи стабилна традиција како институција која се грижи за своите најдобри сограѓани.**

**Во таа насока, мнозинството советници постигнаа консензус околу изборот на заслужен граѓанин на локалната самоуправа, која традиционално ја практикува оваа иницијатива во рамки на одбележување на Денот на Општината. Имено, македонската фудбалска легенда, Драги Сетинов е избран за заслужен граѓанин на општина Карпош за 2025 година. Спортската јавност го познава Сетинов по неговите беспрекорни настапи во фудбалските клубови „Победа, „Вардар“, „Хајдук“ од Сплит и „Етникос“ од Пиреја.**

**Поддршка од Советот доби и Предлог – Одлуката, со која Општина Карпош ја наградува полициската службеничка Елена Дракулевска, која ја извршува својата функција во Полициската станица од општа надлежност – Карпош. За таа намена, локалната самоуправа од својот Буџет обезбеди финансиски средства во висина од 60.000 денари. Дракулевска ќе добие од Општина Карпош парична награда и Пофалница за заслуги, за нејзиниот исклучителен придонес во унапредување на безбедноста и јавниот ред.**


ОПШТИНА КАРПОШ



# КАРПОШ ОДБЕЛЕЖА 49 ГОДИНИ ОД СВОЕТО ПОСТОЕЊЕ

**(26.11.2025)**
**Со Свечена манифестација која се одржа во просториите на Кинотеката на РСМ, Општина Карпош ја одбележа 49 годишнината од своето основање. По тој повод, пред централниот настан, актуелниот градоначалник Сотир Лукровски во својот работен кабинет оствари средба со поранешните градоначалници на Општина Карпош, Сашо Кузмановски, Андреј Петров, Саша Димиќ и Стефан Богоев. Во рамки на состанокот, присутните разговараа за теми од областа на локалната самоуправа, каде беа разменети конкретни предлози и искуства во насока на поефикасно менаџирање со Општината.**

**Свечената академија започна со интонирање на македонската химна, со прекрасната вокална изведба на деветоодделенката Анастасија Јанковиќ од основното училиште „Владо Тасевски“. Веднаш потоа, се обрати градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој во оваа пригода им посака топло добредојде на присутните гости. Притоа, првиот човек на локалната самоуправа се осврна кон 49 годишниот континуитет, заедништво и традиција која ја граделе жителите на оваа општина.**

**„Тоа се години кои оставиле зад себе илјадници приказни за растењето, за создавањето, за трудот, визијата и за луѓето кои ја направија оваа општина посебно место за живеење. Во изминатите речиси пет децении, Карпош прерасна во динамична, современа и препознатлива урбана средина. Озеленивме простори, изградивме инфраструктура, создадовме услови за подобар живот – но најважното е дека создадовме заедница. Заедница во која се слуша гласот на граѓаните, во која младите растат со можности, а повозрасните со достоинство“ – истакна Лукровски.**

**Пред присутните тој изрази длабока почит кон сите оние кои оставиле значаен белег во развојот на Карпош.**

**„Голем број генерации оставија дел од себе во развојот на оваа општина – учители, лекари, културни работници, спортисти, занаетчии, студенти, активисти, мајки и татковци кои секојдневно градат подобро утре. Токму затоа, денес не славиме само историја – туку славиме и луѓе. Оваа годишнина за сите нас е потсетник, но и обврска. Потсетник на она што сме го постигнале и обврска да продолжиме уште подобро, поуспешно и поодговорно. Карпош заслужува да биде место каде што институциите работат за граѓаните, каде што идеите се претвораат во реалност, а визиите во конкретни проекти“ – посочи Лукровски.**

**Општинскиот татко откри дека пред него стои сериозен предизвик за да ја придвижи напред локалната самоуправа, потенцирајќи дека на тој пат вистинската сила му ја даваат карпошани.**

„Вашата енергија, вашата доверба и вашата критика се темелот врз кој продолжуваме да градиме и за тоа, Ви благодарам. Да продолжиме да го градиме Карпош како општина на културата, образованието, зеленилото, спортот и современиот урбан развој. Како локална заедница што се грижи за своите најмлади и ги почитува своите највозрасни жители, верувајќи во нивната иднината. Драги сограѓани,
Нека ни е честит роденденот на Општина Карпош! Нека ни е со среќа, со напредок и со заедништво“ – додаде Лукровски.

Како и секоја година, по повод роденденот на локаланата самоуправа, Општина Карпош традиционално додели благодарници на хуманите крводарители, пофалница на најдобриот полициски службеник и плакета на заслужен граѓанин на Општина Карпош. Во таа насока, градоначалникот Сотир Лукровски им врачи благодарници на Стојанче Масевски, Перо Давидовски, Јовица Даниловски, Ване Чичовски, Стевча Алексов и Зоран Даниловски, кои досега дарувале крв над 50 пати. Благодарници добија и административците од Карпош, Виктор Божиновски, Горан Данаиловски и Олга Цубалевска, кои го демонстрираа својот солидарен дух, досега дарувајќи крв над 20 пати.

Лукровски и додели пофалница на полициската службеничка Елена Дракуловска од ПС Карпош, која го доби ова признание за нејзината служба и големиот придонес во непреченото обезбедување на јавниот ред и мир, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните на Карпош.

Легендарниот фудбалски ас, Драги Сетинов е прогласен за „Заслужен граѓанин на Општина Карпош“ за 2025 година. Во оваа пригода, градоначалникот Лукровски му ја додели плакетата на господинот Сетинов, посакувајќи му многу здравје и успех во животот. Инаку, повозрасните љубители на фудбалот се сеќаваат на Сетинов од неговите беспрекорни настапи во прилепска „Победа“, во скопски „Вардар“ и во сплитски „Хајдук“. Родум од Скопје, својата професионална кариера тој ја започнува на 20 годишна возраст, во далечната 1981 година, а ја завршува во 1992-та година, во клубот „Етникос“ од Піреја. Драги Сетинов важи за еден од подобрите одбранбени фудбалери на просторот на поранешна Југославија.

Завршниот дел од денешната свечена манифестација им припадна на основците од Карпош. Со својата бравурозна изведба, младите карпошани ги стоплија срцата на присутните гости, изведувајќи четири ритмичко – мелодични точки на сцената. Со својот настап, учениците од „Петар Поп Арсов“, „Владо Тасевски“ и „Вера Цививири Трена“, ги потсетија повозрасните гости што значи да се биде дете, да се сонува, да се биде слободен и бескрајно креативен.


ОПШТИНА
СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА
49 години
karpos.gov.mk






ОПШТИНА КАРПОШ
го прогласува за
ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН
ДРАГИ СЕТИНОВ
ОПШТИНА КАРПОШ